**20203004131**

## СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на членот 75, ставови 1 и 2 од Уставот на Република Северна Македонија, претседателот на Република Северна Македонија и претседателот на Собранието на Република Северна Македонија издаваат

## УКАЗ ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЛИЧНОТО ИМЕ

Се прогласува Законот за изменување на Законот за личното име,

што Собранието на Република Северна Македонија го донесе на седницата одржана на 16 декември 2020 година.

Бр. 08-4539/1
16 декември 2020 година
Скопје

Претседател на Република
Северна Македонија,
**Стево Пендаровски,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Северна Македонија,
м-р **Talat Xhaferi,** с.р.

## ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЛИЧНОТО ИМЕ

Член 1

Во Законот за личното име („Службен весник на Република Македонија“ број 8/95, 66/2007, 103/2008, 51/11, 154/15 и 55/16), во членот 8 зборовите: „50 до 150 евра“ се заменуваат со зборовите: „15 до 250 евра“, а зборовите: „став 2“ се бришат.

Член 2

Во член 8-а ставовите (4) и (5) се бришат.

Ставот (6) кој станува став (4) се менува и гласи:

„(4) Остварувањето на правото на правен лек против одлуката на комисијата, како и постапката по правниот лек се спроведува согласно со Законот за прекршоците.“.

Член 3

Во член 8-б во ставовите (1) и (2) зборовите: „25 до 50 евра“ се заменуваат со зборовите: „15 до 500 евра“.

Член 4

Низ целиот текст на законот зборовите: „Република Македонија“ се заменуваат со зборовите: „Република Северна Македонија“.

Член 5

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.